**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
бр. 1409-24/5
23 05 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016, 127/16), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 10 седница одржана на 17.05.2018 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за акредитација на студиската програма Архитектура прв и втор циклус интегрирани студии на Архитектонски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Се акредитира студиската програма **Архитектура прв и втор циклус интегрирани студии на Архитектонски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 5 години (десет семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 300 ЕКТС и со звање:
**- Магистер инженер архитект**
Научно - истражувачко подрачје: 2. Техничко-технолошки науки
Поле: 201 Архитектура, урбанизам и планирање
Научни области: 20100 Архитектонско проектирање и дизајн, 20101 Структурални анализи, 20102 Нормативи во организацијата на просторот, 20103 Развој на архитектурата и урбанизмот и културното наследство, 20104 Методологија на проектирање, 20105 Градски центри, 20106 Рурална средина, 20107 Инфраструктурни системи, 20108 Материјали и технологија на градење, 20109 Стандардизација на материјали и типизација на делови и градежен склоп, 20110 Монтажа во масовна изградба, 20111 Префабрикација и монтажа во архитектура, 20112 Архитектонски конструкции, 20113 Конзервација и ревитализација на културно историски споменици20114 Урбано и просторно планирање и проектирање, 20115 Урбанистички нормативи, 20117 Архитектонска физика и 20118 Друго.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: | 23. 5. 2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 48/9 | | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од **пет** (I и II циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2018/2019......

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно-научниот совет на Архитектонски факултет во Скопје, прв и втор циклус интегрирани студиските програми „Архитектура", на 26.01.2018 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 4 седница, одржана на 15.02.2018 формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на позитивната оценка содржана и извештајот на стручната комисија, на својата 10 седница одржана на 17.05.2018 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски